## КУЧЕТО И МЕСОТО

Некое куче преминувало преку еден поток. Тоа во устата носело парче месо. Од мостот погледнало во водата.

Кучето во водата го загледало својот лик. Тогаш си помислило:

- Гледај, долу има друго куче. Неговото парче месо е поголемо.

Брзо го испуштило своето парче месо. Потоа скокнало во водата за да му го грабне месото на другото куче. Но, останало и без своето парче месо.

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои ги сретнавте во текстот.

**а) прашални** **б) расказни** **в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник** ? **б) точка** . **в) извичник** ! **г) запирка** ,

## НАЈБОГАТ

Влатко ја прашува баба си:

- Бабо,кој е најбогат на светот?
- Царевите во приказните - брзо одговорила бабата.
- А , можам ли и јас да бидам најбогат?
- Ти и сега си богат, Влатко. Имаш полна торба златници.
- На која торба мислиш бабо?
- Па, на училишната.

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборува Влатко. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои тој ги користи.

**а) прашални** **б) расказни** **в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник** ? **б) точка** . **в) извичник** ! **г) запирка** ,

resursi.literatura.mk

# **СТАРЕЦ И СМРТ**

Еден старец насекол дрва,г и натоварил на грб и ги понесол дома. По патот се изморил, го симнал товарот и извикал:

- Ех,што се изморив! Камо да дојдеше  смртта до сега!

Дошла смртта и му рекла:

- Еве ме ,старче, дојдов!

Старецот се исплашил и рекол:

- Добре дојде! Ајде поткрени ми го малку товарот за да ми помогниш!

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборуваат старецот и смртта .Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои се употребени.

**а) прашални          б)   расказни              в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник ?          б)  точка .          в) извичник !     г)   запирка ,**

**Авторски гатанки од Марија Богатиновска**




resursi.literatura.mk